# НАЦРТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија |
| Одговорно лице и контакт информации: | Исмаил Лума и Валентина Старделова<br>Ismail.luma@economy.gov.mk<br>Valentina.stardelova@economy.gov.mk |
| Вид на Извештај | нацрт |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | -Допис бр. NM-MC/O/jko од 15.1.2020 од Директорот на Енергетска заедница во Виена, Јанез Копач до Министерот за економија Крешник Бектеши за потреба од измена на Законот за стратешки инвестиции во врска со потреба од целосно транспонирање на Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013 кое се однесува на изградба на енергетски проекти<br><br>- Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. 2015/09/MC-EnC да се транспонира Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013 |
| Поврзаност со Регулативите на ЕУ | Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013 на упатства за трансевропска енергетска инфраструктура. |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | xx.3.2021 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | xx.3.2021 |

| | |
|---|---|
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | xx.3.2021 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

Во Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, донесен во согласност со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. 2015/09/MC-EnC се транспонира Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013 на упатства за трансевропска енергетска инфраструктура.

За да може оваа материја подетално да биде опфатена со веќе донесениот Закон од јануари 2020 година, потребно е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија. Имено, со потпишување на Договорот за основање на Енергетската заедница, Република Македонија се обврза да имплементира дел од законодавството на Европската унија кој се однесува на изградба на енергетска инфраструктура. Токму овие измени на Законот се однесуваат на целосно имплементирање на Регулативата (ЕУ) бр. 347/2013..

Овој закон се заснова на принципите на слободно движење на стоки, услуги и капитал, на слободна конкурентност и еднаков третман, недискриминација и транспарентност

## 2. Цели на предлог регулативата

- Овој закон има цел да поттикнува, привлекува и создава услови за спроведување на стратешките инвестиции во Република Северна Македонија, зголемување на економски пораст, вработување и примена на нови технологии и иновации, зголемување на конкурентските економски можности на Република Северна Македонија, зголемување на извозот и намалување на трговскиот дефицит и подобрување на добросостојбата и условите за живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.не постои можност домаќинствата и малите потрошувачи да бидат снабдувани од снабдувач кој има обврска да обезбеди универзална услуга, според регулирани цени ододбрени од Регулаторната комисија за енергетика,

- Согласно обврските превземени со Договорот за основање на Енергетска Заедница, како и обврските превземени со Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија , со овој закон поблиску се уредуваат правилата за стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката и истиот има за цел:
  - заштитата на животната средина и климата од негативните влијанија при вршењето на енергетските дејности.
  - Исполнување на обврските кои Република Македонија ги има преземено со потпишувањето и ратификувањето на Договорот за воспоставување на Енергетска заедница,
- Воспоставување ефективен механизам за соработка, меѓусебно известување и координација на активностите во областа на енергетиката помеѓу надлежните органи на Република Македонија со соодветните институции на Енергетската заедница,

## 3.Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

3.1 Економски влијанија

Овој закон има цел да поттикнува, привлекува и создава услови за спроведување на стратешките инвестиции во Република Северна Македонија, зголемување на економски пораст, вработување и примена на нови технологии и иновации, зголемување на конкурентските економски можности на Република Северна Македонија, зголемување на извозот и намалување на трговскиот дефицит и подобрување на добросостојбата и условите за живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

Согласно обврските превземени со Договорот за основање на Енергетска Заедница, како и обврските превземени со Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, со овој закон поблиску се уредуваат правилата за стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката и истиот има за цел:

- Забрзување на постапките за подготовка и реализација на стратешките инвестициони проекти од областа на енергетиката согласно условите дефинирани во овој закон;

- Назначување на Национален надлежен орган, дефинирање на неговата улога и задачи, како и утврдување на неговите надлежности и улога во однос со другите надлежни институции во земјата.

3.2 Фискални влијанија

Во случај на прекуграничен стратешки инвестиционен проект, проект промоторот, во соработка со соодветниот систем оператор, ќе поднесе барање до Регулаторната

комисија за енергетика и водни услуги за добивање на дополнителни поволности во висина на инвестицијата на територијата на Република Северна Македонија. Ова барање ќе биде во согласност со актите кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно закон за енергетика.

### 3.3 Социјални влијанија

Овој закон се заснова на принципите на слободно движење на стоки, услуги и капитал, на слободна конкурентност и еднаков третман, недискриминација и транспарентност, мерки за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност, мерки што ги преземаат операторите на системите за пренос и дистрибуција на енергија.

### 3.4 Влијанија врз животната средина

При изградбата на новите објекти за производство на енергија и преносни и дистрибутивни системи за енергија со законот се бара да биде исполнети условите од аспект на заштита на животната средина согласно посебните закони.

## 5. Консултации

### 5.1 Преглед на добиените и вградените мислења

Во текот на работата на нацрт текстот на законот соодветно се внесени мислењата од претставниците на вклучените институции и компании.

На хх.2. 2021 година е побарано мислење од следните институции:

Кабинет на Претстедателот на Владата на Република Северна Македонија

-Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори

- Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија
- Министерство за транспорт и врски,
- Министрасто за животна средина и просторно планирање,
- Агенција за енергетика,
- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство,
- Агенција за катастар на недвижности,
- Управа за имотно правни работи,
- АД ЕСМ, Скопје,
- ЕВН Македонија АД Скопје
- АД МЕПСО Скопје,

- НЕР АД Скопје,

-БЕГ дистрибуција

- Стопанска комора

-Сојуз на стопански комори

-Комора на северозападна Македонија

- Еко свест

-Цепросард

-ЗЕЛС

-Факултет за електротехника и информациски технологии

- Машински факултет

## 6. Заклучоци и препорачано решение

Подобро интегриран пристап за решенијата поврзани со проекти од енергетиката за полесно добивање на дозволи.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

Во предлог измените на Законот е опишан начинот на спроведување на постапките за добивање на одобрение за градба за инфраструктурни енергетски проекти.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Се предлага Министерството за економија да врши надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, кои се однесуваат на изградба на енегетските објекти.

Министерството, исто така се предлага да врши надзор над законитоста на работата на единиците на локалната самоуправа.

Регулаторната Комисија за енергетика се предлага да врши надзор над спроведувањето на поднесување на барање до истата за добивање на дополнителни поволности во висина на инвестицијата на територијата на Република Северна Македонија. Ова барање ќе биде во согласност со актите кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно Законот за енергетика.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Владата ќе донесе Правилник за постапување со стратешки инвестициони проекти кој поблиску ги дефинира постапките за поднесување и одобрување на нотификација, именување на проект промотор, формирање на оперативна група, донесување на Заклучок, донесување на Одлука за потврдување на правото на

изградба на енергетска инфраструктура со цел реализација на стратешки инвестиционен проект од областа на енергетиката.

Правилникот за постапување ги дефинира и содржи:

- Релевантните закони врз на кои се донесуваат различните одбренија, дозволи, согласности, лиценци, овластувања, потврди и други документи потребни за подготовка и реализација на стратешки инвестициони проекти од областа на енергетиката, вклучително и законот за заштита на животната средина;
- Обрасци на документи, структура и опис на информации кои треба да се достават со барањето за нотификација;
- Начинот на работа, детален опис на секој дел од постапката поединечно како и временските рокови за секоја од нив;
- Начини на вклучување на јавноста.
- Начин на соработка со Владата со цел исполнување на роковите и почитување на детланиот план за постапките за добивање на лиценци;
- Начин на соработка со именуван проект промотор од страна на Енергетската Заедница за ПЕЦИ или ПМИ проекти;
- Обврските на проект промоторот особено за обезбедување точност и соодветен квалитет на барањето, документацијата и информациите како и нивна навремена достапност за сите надлежни институции со цел исполување на временските рокови.

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: xx.3.2021 година

м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

потпис на државен секретар

| Изјава од министерот |
| --- |
| Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.<br>Датум:______________<br>потпис на министерот |

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup